20262193559

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на  член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 96/26), член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21) и член 6 став (6) и член 61 од Законот за фитофармација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20, 274/22,129/23, 218/24 и 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 септември 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за фитосанитарна политика за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“  бр. 30/26), делот II се менува и гласи:

„Средствата за реализација на оваа програма се утврдуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во износ од 54.548.778,00 денари и тоа од следниве извори:

| | |
|---|---|
| 1. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и трансфери,  потставка 464 - Разни трансфери, сметка 637 | 5.628.828,00 |
| 2. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и траснфери,  потставка 464 - Разни трансфери, сметка 631 | 38.519.950,00 |
| 3. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, потпрограма 53 – Државна фитосанитарна лабораторија, ставка 423 - Материјали и ситен инвентар, ставка 424 - Поправки и тековно одржување, ставка 46 - Субвенции и трансфери,  потставка 464 - Разни трансфери, сметка 480 - Купување на опрема и машини, сметка 631 | 10.400.000,00 |

“.

II

Делот III се менува и гласи:

„Средствата во вкупен износ од 5.628.828,00 денари, утврдени во дел II точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| 1. Фитосанитарен мониторинг за 2026 година | 1.301.650,00 |
| 2. Мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на фитофармацевтските производи и резидуи од фитофармацевтските производи во производи од примарно земјоделско производство за 2026 година | 1.298.185,00 |
| 3. Спроведување на решенијата за јавните овластувања издадени врз основа на јавен конкурс согласно член 67 ставови 3, 4 и 8 од Законот за здравјето на растенијата | 3.028.993,00 |
| **Вкупно** | 5.628.828,00 |

“.

III

Делот IV се менува и гласи:

„Средствата во вкупен износ од 38.519.950.00 денари, утврдени во дел II точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| 1. Активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика (Законот за здравјето на растенијата, Законот за фитофармација (*) и Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата), одржување и надградба на Фитосанитарниот информациски систем (ФИС), воспоставување на мрежа за спроведување на Интегрирана заштита на растенијата, набавка на мамци за следење на популации од релевантни штетни организми, подготвување на насоки, упатства, билтени, брошури од областа на фитосанитарната политика, како и спроведување на активности за работа на Стручната комисија од областа на фитофармацевтските производи за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи, комуникација и подигнување на јавната свест на различни целни групи во фитосанитарната област. | 36.000.000,00 |
| 2. Неподмирени обврски од Програмата за фитосанитарна политика за 2025 година. | 2.519.950,00 |
| Вкупно | 38.519.950,00 |

“.

IV

Делот V се менува и гласи:

„Средствата во вкупен износ од 10.400.000,00 денари, утврдени во дел II точка 3 од оваа програма ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| Поддршка на работата и функционирање на Државната фитосанитарна лабораторија | 10.400.000,00 |
| **Вкупно** | 10.400.000,00 |

“.

V

Делот XIV се менува и гласи:

„Средствата од дел IV од оваа програма во износ од 38.519.950,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| 1. Активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика (Законот за здравјето на растенијата, Законот за фитофармација (*) и Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата) | 8.000.000,00 |
| 2. Одржување и надградба на Фитосанитарниот информациски систем (ФИС) | 8.000.000,00 |
| 3. Воспоставување на мрежа за спроведување на Интегрирана заштита на растенијата, набавка на мамци за следење на популации од релевантни штетни организми, подготвување на насоки, упатства, билтени, брошури од областа на фитосанитарната политика | 8.000.000,00 |
| 4. Спроведување на активности за работа на Стручната комисија од областа на фитофармацевтските производи за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи | 5.000.000,00 |
| 5. Комуникација и подигнување на јавната свест на различни целни групи во фитосанитарната област | 7.000.000,00 |
| 6. Неподмирени обврски од Програмата за фитосанитарна политика за 2025 година | 2.519.950,00 |
| **Вкупно** | **38.519.950,00** |

“.

VI

Делот XV се менува и гласи:

„Средствата од дел V од оваа програма во износ од 10.400.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| Поддршка на работата и функционирање на Државната фитосанитарна лабораторија (набавка на материјал и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, набавка на резервни делови за инструменти за анализи/испитувања, останати анализи за потребите на акредитација на методите, воведување на нови методи и набавка на софистицирана лабораториска опрема) | 3.500.000,00 |

| | |
|---|---|
| Надградба и одржување на софтверски решенија (ЛИМС), инцидентна поправка на опрема, калибрација, валидација и квалификација на инструментите, тековно одржување на опремата за потребите на Државната фитосанитарна лабораторија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и трошоци за учество на вработените на конференции, семинари, работилници и обуки од меѓународен и домашен карактер | 4.775.000,00 |
| Набавка на опрема и машини за потребите на Државната фитосанитарна лабораторија | 2.125.000,00 |
| **Вкупно** | **10.400.000,00** |

“.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-6691/11
15 септември 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.